Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

07.11.2024

Архивски број: 01-1605/1

Numër arkivi: 01-1605/1

Министерството за европски прашања поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, ја усвојува следната политика:

Ministria për Çështje Evropiane, duke u nisur nga angazhimet për të garantuar respektimin e kushtetutshmërisë, ligjshmërisë, integritetit profesional, transparencës dhe mbrojtjes së lirive dhe të drejtave të njeriut, miraton politikën e mëposhtme:

## ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

## POLITIKA E INTEGRITETIT

Државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија го прифаќаат интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата. Интегритетот е од суштинско значење за економскиот, социјалниот и општествениот просперитет.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik në Republikën e Maqedonisë së Veriut e pranojnë integritetin si bazë të qeverisjes së mirë dhe përgjigje strategjike dhe të qëndrueshme ndaj korrupsionit. Integriteti është thelbësorë për prosperitetin ekonomik, social dhe shoqëror.

Integriteti nënkupton kryerjen e punëve në mënyre ligjore, të pavarur, të paanshme, etike, me përgjegjësi dhe transparencë, me anë të të cilave zyrtarët ruajnë prestigjin e tyre dhe prestigjin e institucionit në të cilin ata janë përgjegjës ose të punësuar, eliminojnë rreziqet dhe largojnë dyshimet për mundësinë e ndodhjes dhe zhvillimit të korrupsionit, dhe në këtë mënyrë sigurojnë besimin e qytetarëve në kryerjen e funksioneve publike dhe në punën e institucioneve publike.


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

Засилувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт.

Прифаќајќи ја политиката на интегритет, Министерството за европски прашања се обврзува на (1) воспоставување на систем на интегритет во институциите, (2) спроведување и поддршка на системот за интегритет и (3) следење и известување за примената на системот за интегритет.

Министерството за европски прашања ги запознава со својата политика за интегритет и припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институциите од јавниот сектор.

1. **Воспоставување на систем за интегритет**

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи државните органи и институции од јавниот сектор да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;

Përforcimi dhe ngritja e integritetit është mision dhe përgjegjësi e përbashkët e të gjitha institucioneve në sistem dhe të gjitha niveleve të pushtetit.

Duke pranuar politikën e integritetit, Ministria për Çështje Evropiane angazhohet për (1) vendosjen e sistemit të integriteti në institucione, (2) zbatimin dhe mbështetjen e sistemit të integritetit dhe (3) ndjekjen dhe raportimin mbi zbatimin e sistemit të integritetit.

Ministria për Çështje Evropiane njofton përfaqësuesit e sektorit privat, shoqërisë civile dhe qytetarët për politikën e saj të integritetit, duke u kërkuar atyre, si partnerë në proces, ti respektojnë vlerat dhe standardet e përcaktuara në raport me organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik.

1. **Vendosjа e sistemit për integritet**

Sistemi për integritet është vendosur në mënyrë që t'u mundësojë organeve shtetërore dhe institucioneve të sektorit publik të punojnë dhe të ushtrojnë kompetencën e tyre duke respektuar ligjet dhe në përputhje me standardet më të larta etike.

Sistemi për integritet bazohet në elementet e mëposhtme që përfaqësojnë standarde të veçanta për integritetin:

- Mbrojtjen e interesit publik dhe parandalimin e konfliktit të interesave;


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3,
Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3
Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи и
- Управување со квалитет.

- Respektimin e kodit etik që është relevant për pozitën e personit zyrtar;
- Menaxhimi me resurset njerëzore në bazë të sistemit meritor dhe kualifikimesh;
- Menaxhimin e qëllimshëm, racional dhe efikas të resurseve publike;
- Transparencën dhe qasjen në informacionet e karakterit publik;
- Raportim i mbrojtur nga denoncuesit dhe
- Menaxhimi me cilësi.

**Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси**: Министерството за европски прашања и вработените се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да овозможи ефикасно управување со судирот на интереси во Министерството за европски прашања се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува

**Mbrojtja e interesit publik dhe parandalimi i konfliktit të interesave**: Ministria për Çështje Evropiane dhe punonjësit e saj angazhohen se në punën e tyre do t'i japin përparësi interesit publik mbi atë privat dhe të nxisin dhe zhvillojnë kulturë organizative që nuk toleron konflikt të interesave dhe në të cilën përgjegjësia individuale dhe shembulli personal janë baza për qeverisjen e mirë.

Për të mundësuar menaxhimin efikas të konfliktit të interesave, në Ministrinë për Çështje Evropiane zbatohet procedura për identifikimin dhe deklarimin e qartë të interesave personale, përcaktohen rregulla të qarta për pritshmëritë nga zyrtarët kur ka rrezik për konflikt interesi, sigurohet transparencë në procesin e zgjidhjes së situatave në të cilat lind konflikti i interesave dhe zhvillohen mekanizma për monitorimin e

судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за превенција на судирот на интереси.

**Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице**: Службените лица во Министерството за европски прашања се должни да го почитуваат етичкиот кодекс на институцијата во која работат, а чија цел е да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политичка неутралност.

Министерството за европски прашања развива механизми кои овозможуваат доследно да се следи почитувањето на етичкиот кодекс од страна на службените лица. За областите кои се нагласено подложни на корупција, како што се јавните набавки, Министерството за европски прашања усвојува Процедура за јавни набавки во Министерството.

**Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации**: Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во Министерството за европски прашања. Вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам.

zbatimit të rregullave për parandalimin e konfliktit të interesave.

**Respektimi i kodit etik që është relevant për pozitën e personit zyrtar**: Personat zyrtarë në Ministrinë për Çështje Evropiane janë të detyruar të respektojnë kodin etik të institucionit në të cilin punojnë, i cili ka për qëllim të promovojë profesionalizmin, mbrojtjen e interesit publik, llogaridhënien, përgjegjësinë, paanshmërinë, mos-diskriminimin dhe neutralitetin politik.

Ministria për Çështje Evropiane zhvillon mekanizma që mundësojnë në mënyrë konsekuente të ndiqen respektimi i kodit etik nga ana e personave zyrtar. Për sferat që janë posaçërisht të ndjeshme ndaj korrupsionit, siç janë prokurimet publike, Ministria për Çështje Evropiane miraton Procedurë për prokurimet publike në Ministrinë.

**Menaxhimi i resurseve njerëzore bazuar në sistem meritor dhe kualifikimesh**: Integriteti promovohet si pjesë e menaxhimit të resurseve njerëzore në Ministrinë për Çështje Evropiane. Punësimet janë transparente përmes shpalljes publike, me kritere të paracaktuara dhe me politika të zhvilluara që mundësojnë punësime dhe avancime, bazuar në merita dhe kualifikime dhe pamundësojnë ndikimet partiake, nepotizmin dhe miqësinë.


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

Во Министерството за европски прашања се идентификувани работните позиции кои се особено ранливи на корупција и за нив се предвидуваат посебни обврски во однос на заштитата на интегритетот. Потребно е доследно да се почитуваат некомпатибилноста, забраните и ограничувањата својствени за работата во јавниот сектор.

Në Ministrinë për Çështje Evropiane janë identifikuar pozitat e punës që janë veçanërisht të ndjeshme ndaj korrupsionit dhe për ta parashihen obligime të posaçme lidhur me mbrojtjen e integritetit. Nevojitet konsekuencë për respektimin e papajtueshmërive,ndalesat dhe kufizimeve lidhur me punën e sektorit publik.

**Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси:** Министерството за европски прашања демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните.

Министерството за европски прашања се обврзува дека договорите за јавни набавки ќе ги склучува низ транспарентни процедури кои овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници.

**Menaxhim i qëllimshëm, racional dhe efikas i resurseve publike**:
Ministria për Çështje Evropiane demonstron hapje, llogaridhënie dhe gjithëpërfshirje në përcaktimin e të ardhurave dhe shpenzimeve buxhetore të udhëhequra nga qëllimi për të përmbushur interesin publik dhe për të përmirësuar në mënyrë të vazhdueshme shërbimet për qytetarët.
Ministria për Çështje Evropiane angazhohet se kontratat për prokurimet publike do të nënshkruhen me procedura transparente që mundësojnë trajtim të barabartë dhe konkurrencë për pjesëmarrësit e interesuar.

**Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер**: Министерството за европски прашања обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци.

Министерството за европски прашања се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавува што е

**Transparencë dhe qasje në informacione të karakterit publik:** Ministria për Çështje Evropiane siguron informacione të vërteta, të përshtatshme, në kohë dhe të plota për qytetarët dhe personat juridikë, duke respektuar të drejtën për privatësi dhe mbrojtjen e të dhënave personale.

Ministria për Çështje Evropiane synon nivel të lartë të transparencës aktive, respektivisht publikon sa më shumë informacione në ueb


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

faqen e saj dhe demonstron gatishmërinë që puna e saj të vihet në dispozicion dhe kontroll publik.

Personat zyrtar nuk guxojnë të përdorin informacionet me të cilat disponojnë gjatë ushtrimit të detyrës, autorizimet publike dhe detyrat zyrtare për realizimin e përfitimit osepërparësisë për vete ose për të tjerët.

**Заштитено пријавување од укажувачи**: Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата.

Министерството за европски прашања усвојува процедура за заштитено пријавување и има назначено овластеното лице за прием на пријави од укажувачи. Со процедурата за заштитено пријавување и со овластеното лице за заштитено пријавување се запознаваат сите засегнати страни.

**Raportim i mbrojtur nga denoncuesit**: Ofrimi i mundësisë për denoncuesit që të raportojnë veprime të paligjshme ose të pabazuara pa pasur frikë nga pasojat përbën një nga shtyllat për parandalimin, zbulimin, hetimin dhe ndëshkimin e tillë të veprimeve që rrezikojnë funksionimin e institucionit.

Ministria e Çështjeve Evropiane miraton procedurë për denoncim të mbrojtur dhe emëroi person të autorizuar për pranimin e denoncimeve nga denoncuesit. Me procedurë për denoncim të mbrojtur dhe me person të autorizuar për denoncim të mbrojtur njoftohen të gjithë palët e përfshirë.

**Управување со квалитетот**: Министерството за европски прашања воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

**Menaxhimi i cilësisë:** Ministria për Çështje Evropiane vendos sistem pune përmes të cilit vazhdimisht avancohet funksionimi dhe proceset, reduktohen rreziqet dhe kostot, si dhe përmirësohet motivimi i punonjësve dhe monitorohen rezultatet e përgjithshme të punës.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

Avancimi i dhënies dhe përmirësimi i cilësisë së shërbimeve bëhet përmes planifikimit, menaxhimit dhe realizimit të përgjegjshëm të proceseve, si dhe promovimit të kultures së përsosmërisë në administratën publike, në përputhje me standardin ndërkombëtar ISO 9001, Kornizën e Përbashkët të Vlerësimit - CAF dhe standardet e tjera të cilësisë në sektorin publik.

## 2. Спроведување и поддршка на системот за интегритет

За да овозможат ефикасно спроведување на системот за интегритет, Министерството за европски прашања е посветено на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во Министерството за европски прашања се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми

## 2. Zbatimi dhe mbështetja e sistemit të integritetit

Për të mundësuar zbatimin efikas të sistemit të integritetit, Ministria për Çështjet Evropiane është e përkushtuar për ndërtimin e kapaciteteve dhe mbështetjen e të gjithë personave zyrtar në procesin e përmbushjes së detyrimeve që rrjedhin nga standardet e integritetit në drejtim të kryerjes së detyrave në mënyrë të ligjshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjshme dhe transparente.

Strukturat udhëheqëse në Ministrinë për Çështjet Evropiane janë përgjegjëse për vendosjen dhe zbatimin e sistemit të integritetit, si dhe për promovimin e tyre përmes sjelljes së tyre personale dhe marrjes së masave për pranimin kolektiv të politikës së integritetit dhe respektimin e saj nga ana e të punësuarve.

Ngritja e kapaciteteve realizohet përmes edukimit të rregullt të të punësuarve për zbatimin e duhur të standardeve të integritetit përmes trajnimeve, si dhe duke mundësuar këshillimin për të gjitha dilemat që mund të lindin tek personat zyrtarë në punën e


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3,
Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3
Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

кои можат да се јават кај службените лица во секојдневното работење.

За да обезбедат ефикасно спроведување на системот за интегритет Министерството за европски прашања назначува лице за интегритет.

Министерството за европски прашања ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата.

### 3. Следење и известување за примената на системот за интегритет

Министерството за европски прашања овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција, и од страна на надлежната институција, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК).

Целта на следењето на системот за интегритет во Министерството за европски прашања е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет.

përditshme.

Për të siguruar zbatimin efikas të sistemit të integritetit, Ministria për Çështje Evropiane cakton person përgjegjës për integritet.

Ministria për Çështje Evropiane identifikon rreziqet e korrupsionit i vlerëson dhe ndjek ato rregullisht. Në përputhje me këtë, merren masa për të kapërcyer rreziqet që kërcënojnë integritetin e institucionit.

### 3. Ndjekja dhe raportimi mbi zbatimin e sistemit të integritetit

Ministria për Çështje Evropiane mundëson sistem në dy nivele të monitorimit të zbatimit të sistemit të integritetit, në nivel të vetë institucionit dhe nga ana e institucionit të kompetent, Komisioni Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit (në tekstin në vazhdim KSHPK).

Qëllimi i monitorimit të sistemit të integritetit në Ministrinë për Çështje Evropiane është të përcaktojë efikasitetin e politikave dhe procedurave të zbatuara që lejojnë zbatimin konsistent të standardeve për integritet, si dhe për matjen e rezultateve nga masat e zbatuara për të zvogëluar rrezikun e korrupsionit. Procesi i ndjekjes dhe raportimit për zbatimin e sistemit të integritetit koordinohet nga personi për integritet.

Министерството за европски прашања спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешната ревизија.

Министерството за европски прашања се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел Министерството за европски прашања се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на ДКСК за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК во однос на јакнење на интегритетот во институциите.

Ministria për Çështje Evropianezbaton edhe kontroll të brendshëm për të verifikuar zbatimin e standardeve për integritet përmes përfshirjes së revizionit të brendshëm.

Ministria për Çështje Evropiane angazhohet për bashkëpunim me KSHPK-në duke i mundësuar asaj të ndjekë zbatimin e sistemit të integritetit. Për këtë qëllim, Ministria për Çështje Evropiane obligohet për informimin e saktë, të rregullt dhe në kohë të KSHPK -së për të gjitha aktivitetet e ndërmarra në drejtim të zbatimit të sistemit të integritetit, si dhe për zbatimin e udhëzimeve, rekomandimeve dhe vërejtjeve të marra nga KSHPK-ja në lidhje me përforcimin e integritetit në institucione.

**Orhan Murtezani**

**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk